# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН

















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ДВОЈНА КРУНА ЗА ТЕНИСЕРИТЕ ОД „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

Основците од „Војдан Чернодрински“ се победници на Тениската лига за основни училишта во општина Карпош, која се одржуваше од 12 април до 8 мај годинава. Во екипно натпреварување, во машка и женска конкуренција, тие обезбедија најдобар бодовен резултат и на тој начин се промовираа во шампиони на белиот спорт за 2016 година.

Во машка конкуренција, второто место им припадна на тенисерите од „Петар Поп Арсов“, додека, третата позиција ја обезбедија учениците од „Лазо Трповски“. Кај девојчињата, сребрен медал освоија тенисерките од „Димо Хаџи Димов“, а со бронза се закитија основките од „Јан Амос Коменски“.

Тениската училишна лига на која учествуваа 65 ученици од десетте основни училишта од општина Карпош, се одржува по втор пат, во организација на тенискиот клуб „Фан Тенис“, под покровителство на општина Карпош.






# БЛАГОДАРНИЦА ЗА ЈАКИМОВСКИ ОД ШАМПИОНКИТЕ ВО ОДБОЈКА

Во средата (25.05.2016) одбојкарките на одбојкарскиот клуб „Фит Фан Волеј", пионерските шампионки во Македонија, му доделија благодарница на градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски за постојаната поддршка која ја дава на овој клуб.

На Државното пионерско првенство одржано во Велес, одбојкарките на клубот, кој доаѓа од Општина Карпош го освоија првото место, и со тоа станаа државни прваци во одбојка во оваа категорија.

Првиот човек на локалната самоуправа им посака натамошни успеси, и истакна дека активното занимавање со спорт придонесува за психофизички здрав развој на една индивидуа, порачувајќи им вредно да тренираат, сé со цел да се изградат во професионални спортисти.





# „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“- НАЈДОБРИ ХОРИСТИ ВО КАРПОШ

Најмладите карпошани знаат одлично и да пејат. Во средата (25.05.2016) тие и го докажаа претставувајќи се на хорскиот натпревар помеѓу десетте основни училишта на територија на Општина Карпош кој се одржа во Драмскиот театар - Скопје. Пред многубројната публика, хористите предводени од своите ментори, преку класично пеење го презентираа досега совладаниот материјал по хорско пеење во текот на учебната година. Ваков натпревар се одржува прв пат оваа година и тоа во организација на Секторот за дејности од јавен интерес при локалната самоуправа.

Жири комисијата составена од членови од Македонската Опера и Балет, беше во состав: Валентина Димитриевска, Ристе Велков и Ѓурѓица Дашиќ.Тие имаа навистина тежок избор, пред да одлучат кои ќе бидат трите пласирани училишни хорови на првиот ваков натпревар. Според нивната одлука, третото место го поделија основните училишта „Петар Поп Арсов“ предводен од менторот Дејан Миленковски и „Вера Циривири Трена“, под менторство на Александар Панајотов. Поради тесниот избор, жири комисијата од МОБ одлучи и второто место да го поделат и тоа хористите од ООУ „Војдан Чернодрински“ со менторот Милованка Гуревска и од ООУ „Јан Амос Коменски“ под менторство на Марија Златановска, додека пак првото место припадна на хорот на ООУ „Владо Тасевски“ предводен од менторот Елизабета Станоевска.

Раководителката на Секторот, Анета Марковска-Илиевска, образложи за културниот проект кој е дел од Програмата за образование на локалната самоуправа.







-На овој начин учениците имаат можност да го прикажат сето она што го работеле досега, со тоа што секој од училишните хорови се претставува со по една класична, или народна композиција, во зависност од нивниот избор и секако од изборот на нивниот ментор. Дел од нив има придружба на инструмент, а пак дел од училишните хорови имаат и солистички настап. Верувам дека тоа што ги помагаме секоја година, е придонес овие таленти да имаат високи резултати и на градските или дражавни првенства, и ќе продолжат да се занимаваат со хорското пеење. Со тоа тие имаат можност достојно да ја претставуваат, пред се општината, а секако и својата држава надвор од границите. Се надевам дека овој натпревар ќе прерасне во традиција – рече раководителката на Секторот за дејности од јавен интерес.

Паричната награда за менаторите на секој училишен хор ќе биде мал поттик за што повеќе вложување и едукација на талентираните ученици од основните училишта во Општина Карпош.

# УМЕТНОСТ ОД МАЛИ НОЗЕ

Во организација на Детскиот ликовен центар, под покровителство на општина Карпош, во четвртокот (26,05,2016), во Кинотеката на Македонија се одржа детски ликовен хепенинг. Дечињата од сите градинки на територијата на локалната самоуправа го артикулираа својот уметнички израз, изработувајќи ликовни творби во широкиот спектар од техники со молив, туш, водени, акрилни и темперни бои.

Своите први ликовни експресии, малите уметници ги изложија во галеријата на Детскиот ликовен центар, под наслов „Децата и ликовната уметност"-2016. Целта на оваа културна манифестација е да се поттикнат децата од најмала возраст, да ги развијат чувствата за естетика, имагинација и концептот за уметничко изразување.

Професорот по ликовна уметност, Харалампие Манчев им додели пофалници на дечињата-учесници на ликовниот хепенинг, а предучилишните установи добија благодарници.





# ПРЕС -КОНФЕРЕНЦИЈА: ПАРЦЕЛИТЕ КАЈ „ХУБО“ БЕА ТРАНСПАРЕНТНО ПРОДАДЕНИ

-Одамна е поминато времето на ефтини и матни приватизации, и на доделување на земјиште во четири очи со член 53 , со што одредени компании и одредени лица имале приоритет во добивање на земјиште или било што во Република Македонија.

Ова во четвртокот (26,05,2016) го изјави на конференција за печат првиот човек на локалната самоуправа во Карпош Стевчо Јакимовски  по повод пресот на управителот на „Хубо- Реплек“ и обвинувањата за изградба на инфраструктура во близината на маркетот.

-Согласно Деталниот урбанистички план, се што е продадено е сторено на транспарентен начин, со јавна лицитација, на која учествуваше и „Хубо Реплек“, пришто купија една од понудените парцели. Можам само да кажам, продолжи Јакимовски , дека никој не им бранеше на сопствениците на „Хубо Реплек“,  да купат поголем дел од овие парцели. Нивната желба беше целиот тој комплекс, повеќе од два хектари земјиште, да го купат по едно евро квадрат. Ние како Општина , истакна првиот човек на локалната самоуправа , можеме само да кажеме дека немаме намера да правиме богати газди, туку сакаме да имаме богата општина, затоа што овие средства што се добиени на наддавање при што се постигнати цени од 100 до 600 евра за квадратен метар, се вложени  во инфраструктура за граѓаните на Општина Карпош. Во исто време, во тој дел, што е сервисна зона, ќе се градат објекти , кои што ќе го збогатат сервисното услужување на граѓаните на Општина Карпош.

-Планот е донесен на 31. 01. 2014 година , што значи дека имале две и пол години време, за реагирање на било какви пречки во функционирањето во работата на „Хубо Реплек“. Во тој период, рече Јакимовски тие можеле да дојдат во локалната самоуправа, да објаснат и да изнајдеме решание, а со тоа и   сервисната улица која што треба да се гради, досега би била изградена. Нивното барање,  дел од овие локации, на сопствениците кои го купиле земјиштето на транспарентна лицитација, да им се даде друго земјиште, е невозможно, затоа што тоа не го дозволуваат законските прописи. Во исто време, овие сопственици на земјиштата, имаат законска обврска во одреден рок да  почнат, и во одреден рок да ги завршат своите објекти.  Ние и натаму сме подготвени, се што треба на сопствениците и на вработените од „Хубо Реплек“,  да им помогнеме, за да можат тие и понатаму да функционираат, изјави градоначалникот на Карпош Јакимовски. Тој рече дека во меѓувреме, снабдувањето на Хубо и понатаму е непречено,  бидејќи има повеќе влезови. Дури повеќе, ним им е зголемена површината за градба и висината, изјави Јакимовски.

Одговарајќи на прашања од новинарите, првиот човек на локалната самоуправа во Карпош, потенцираше дека дозволената  висина на објектите кои ќе се градат на останатите парцели е 14 метри. Тие, согласно ДУП-от, се градат во  зона за комерцијални објекти каде што ќе бидат изградени сервисни центри со кои ќе се подобри услугата на граѓаните на Општина Карпош и на овој дел од градот.

# ПРОЕКТ ЗА ПОКВАЛИТЕТНО И КРЕАТИВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Под мотото ,,Добри практики - синоним за успешност“, Одделението за образование, во четвртокот (26,05,2016) во ООУ ,,Владо Тасевски“ го презентираше проектот со кој Општина Карпош работи на подигнување на квалитетот на наставно-научниот процес во училиштата на нејзина територија.

Како што беше истакнато, првиот човек на локалната самоуправа Стевчо Јакимовски, постојано се заложува за унапредување и модернизирање на образованиот процес, сé со цел основците да се едуцираат во поквалитетни кадри, а нивните родители да бидат задоволни од квалитетот на услугите. Токму тие два столба: Стратегија за развој на образованието во основните училишта и Истражувањето на задоволството на родителите од квалитетот на услугите или попопуларно насловено ,, Гласот на родителите ‘’, се клучни елементи во овој проект кој трае една година.

Стратегијата за развој пак, како што се нагласи во презентацијата, се состои од пет точки: визија, стратешки цели, програми, проекти и конкретни цели. Преку „Онлајн“ методата и прашалник, се мери степенот на задоволство на родителите од наставната програма одржана и реализирана во Општината. Учесници во овој проект се сите десет основни училишта од Карпош, вклучувајќи по пет одделенски наставници, пет родители, педагог и директор на училиштето, односно вкупно 120 учесници. Целта на овој проект е, поттикнување на креативноста и развој на талентите на учениците, подобра инфраструктура и менаџирање на образовниот процес, со кој ќе се постигне севкупно подобро образование.

На крајот од презентацијата, претседателот на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски, на координаторите на проектот од основните училишта од Општината им подели „флип чарт табли“ и дополнителен помошен материјал, со што ќе се збогати наставната содржина во самите училишта.

# ЕЛЕКТРОТЕХНИЧАРИТЕ ОД ООУ „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“ НА ПИЕДЕСТАЛОТ

Основците од ООУ „Јан Амос Коменски“, на неодамнешниот натпревар по електротехника, го освоија првото место. Победничкиот тим, кој го сочинуваа учениците Андреј Николиќ, Алексеј Кубелка и Теодора Поповиќ, а предводен од менторот по физика, Рада Стаменкоска, се закитија со златни медали на овогодинешниот натпревар, кој се одржа во средното електротехничко училиште „Михајло Пупин“ во Скопје.

И покрај многубројните учесници, електротехничари од 35 основни училишта од главниот град, сепак тимот на ООУ „Јан Амос Коменски“, со награда го потврди совладаниот материјал во текот на учебната година и секако беа наградени за вложениот труд и знаење кои го покажаа преку практични вежби во електротехниката, кои ја посетија и хидроцентралата Матка.

Натпреварот, кој беше под покровителство на ЕВН Македонија, беше под мотото „Денови на електротехниката“.








## ПРЕС -КОНФЕРЕНЦИЈА: ПРВО НОВИ ФАСАДИ, ПА ПОКРИВИ И ЛИФТОВИ

„До крајот на оваа година, во Општина Карпош целосно ќе биат завршени реконструкциите на речиси 50-на фасади на колективни станбени објекти. Оваа бројка, која ги вклучува и реконструираните фасади на зградите од минатата година, е само дел од севкупниот план, според кој во наредните четири до пет години, треба да се реновираат сите фасади во оваа локална самоуправа и да се заменат со енергетски ефикасни“ .

На конференцијата за печат, ова детално го образложи градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски кој рече дека на ваков начин граѓаните ќе добијат термо изолирани фасади, кои во натамошниот период ќе заштедуваат од енергијате потребна за затоплување и ладење.

- Продолжуваме со реконструкција на фасадите во Општина Карпош, овој пат на улицата Волградска и на улицата Соле Стојчев. Целокупната инвестиција е некаде околу четири милиони денари, финансирана од буџетот на локалната самоуправа. Бидејќи ова е улицата која кореспондира со трговскиот центар „Скопје Сити Мол“ планираме фасадата и целата архитектура да биде компактибилна со трговскиот центар, се со цел улиците „Љубљанска“ и „Волградска“ да бидат во една композиција заедно со обновените објекти во делот на Карпош 4 – рече Јакимовски.

Тој апелираше до жителите на овие објекти да се потрудат пред реконструкцијата на фасадите да ги променат своите прозорци и да стават термички, се со цел да се постигне поголема енергетска ефикасност. Првиот човек на Општината, јавно ги повика сите граѓани кои се заинтересирани за обнова на лифтовите и покривите, да се пријават навреме, бидејќи истите ќе се реконстурираат заеднички со Општината која ќе помогне со сопствени финансиски средства .

Планираните 11 станбени објекти за реконструкција со термичките фасади на територија на Карпош 4, ќе бидат целосно обновени и со тоа безбедни за наредните 30-на години.



# НОВИ ЛИЦЕНЦИРАНИ СПАСИТЕЛИ

Во петокот (27,05,2016), градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски додели лиценци за спасители на отворени води на седуммина припадници на Универзалната единица специјализирана за спасување на вода која е во рамки на Општина Карпош.

Совладувајќи ги техниките и вештините преку обуката која се одржа во Центарот за обука на Црвениот крст во Струга, седуммина спасители се стекнаа со меѓународно признати лиценци, од кои тројца во категоријата постар спасител, додека четворица во категоријата спасител.

Првиот човек на локалната самоуправа им го честиташе успехот на добитниците истакнувајќи дека како лиценцирани спасители, носат огромна одговорност во спасување на човечки животи, и успешно справување со поплави и други природни непогоди.





# БЕСПЛАТНИ ЕДНОДНЕВНИ ЕКСКУРЗИИ

Во петокот (27.05.2016) почнуваат еднодневните бесплатни излети за учениците од 1 до 6 одделение од училиштата на територијата на Општина Карпош.

Екскурзиите се реализираат како дел од Програмата за образование за 2016 година, и вклучуваат посета на културно- историски обележја. Оваа година, основците ќе ги посетат манастирскиот комплекс Св. Ѓоргија во с. Дељадровце ( Кумановско) , Пеленица ( Драчевско) и Хиподром. Превозот на учениците ќе биде покриен со средства од буџетот на Општина Карпош. Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски во изјава за медиумите рече:

-Веќе започнавме со реализација на еднодневните екскурзии и дел од учениците отпатуваа веќе денеска. За сите ученици на територија на Општина Карпош од прво до шесто одделение, еднодневните екскурзии ги финансира локалната самоуправа. Ние за тоа имаме одвоено средства од буџетот на локалната самоуправа во износ од околу четири и пол милиони денари, и тоа се однесува на екскурзиите кои ќе се организираат во есенскиот и во пролетниот дел. Доколу цените бидат пониски ќе се потрудиме да организираме и дополнителни екскурзии на одредении категории на ученици. На пример, доколку се работи за деца од социјално ранливите семејства или се работи за ученици со посебни заслуги, како што се учениците кои освоиле високи места на републички натпревари како во кошарка, одбојка, фудбал, или во некој наставн предмет. За нив исто така ќе важат овие бенефиции покрај наградното патување кое традиционално го организираме во Тиват, Црна Гора.

# „АМБАСАДОРИТЕ“ НА ТРАДИЦИЈАТА КАЈ ЈАКИМОВСКИ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, во петокот (27,05,2016)оствари средба со претставниците на АКУД „Мирче Ацев“ и фолклорното друштво „Етнос“. Повод за средбата, беше неодамнешниот успех на нашите амбасадори на културата, кои освоија две први места на Првиот меѓународен фолклорен фестивал – „Џивџан фест“, кој се одржа минатата недела во Врњачка Бања, Р. Србија.

Од вкупно 14 екипи кои учествуваа на фестивалот, АКУД „Мирче Ацев“ ја освои првата награда во категоријата „севкупен победник“, а фолклорното студио „Етнос“ го освои првото место, за најдобра фолклорна кореографија. Двете фолклорни друштва функционираат на територија на општина Карпош, па токму затоа локалната самоуправа беше покровител на нивното учество на меѓународниот фестивал. Во пригодна атмосфера, фолклористите горделиво му ги покажаа златните трофеи на градоначалникот Јакимовски и му ги пренесоа позитивните импресии од гостувањето во соседна Србија.



# ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН НАТПРЕВАР ВО ТАНЦ - „РЕБИС“

Балетското студио „Ребис“ во соработка со Општина Карпош, веќе шеста година по ред го организираа Интернационалниот натпревар во танц - „Ребис“. На годинешното натпреварување, имаше повеќе од 1000 учесници, поединци и балетски екипи, како и аматери и професионалци од Македонија и Балканот. Овој целодневен културен настан се одржа во спортскиот центар „Форца“. Учесниците се натпреваруваа во различни танцови стилови во сите возрасни категории и тоа во модерен, класичен и џез балет, етно, хип - хоп, стомачен танц, латино-танци и други стилови.

Целта на овој културен настан е да придонесе за развојот на македонската танцова уметност и притоа талентираните танчери да имаат можност на едно место да ги разменат своите искуства и знаења.

